Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-630/1
16 февруари 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**282.**

Врз основа на член 36 став 3, од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03 и 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.02.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА МЕЃУМИНИСТЕРСКИ КОМИТЕТ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА ПОДГОТОВКАТА НА ПРЕД-ПРИСТАПНА ЕКОНОМСКА ПРОГРАМА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2006 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се формира Меѓуминистерски комитет за координација на подготовката на Пред-пристапна економска програма на Република Македонија за 2006 година.

Член 2

Со Меѓуминистерскиот комитет претседава министерот за финансии, а членови во состав на Комитетот се:

1. Министер задолжен за европски прашања
2. Министер за надворешни работи
3. Министер за економија
4. Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство
5. Министер за транспорт и врски

6. Министер за образование и наука
7. Министер за здравство
8. Министер за труд и социјална политика
9. Министер за животна средина и просторно планирање
10. Министер за локална самоуправа
11. Гувернер на Народната банка на Република Македонија
12. Директор на Државниот завод за статистика.

Член 3

Министерот за финансии да формира Секретаријат со претставници на сите членови на Меѓуминистерскиот комитет кој ќе биде задолжен за стручно и оперативно-техничките подготовки на Пред-пристапна економска програма.

Член 4

Работата на Меѓуминистерскиот комитет и на Секретаријатот ќе се регулира со посебен Деловник за работа кој министерот за финансии ќе го донесе во рок од 15 дена по донесувањето на оваа одлука.

Член 5

За потребите на подготовката на Пред-пристапна економска програма и за одредени специфични прашања, министерот за финансии може да побара вклучување и на други стручни лица надвор од државната управа.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-713/1 Претседател на Владата
9 февруари 2006 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

---

**283.**

Врз основа на член 70, став 1 од Законот за водните заедници („Службен весник на Република Македонија" бр.51/03 и 95/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.02.2006 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ВОДНАТА ЗАЕДНИЦА „КУРИЈА" – С.КУРИЈА, ОПШТИНА НЕГОТИНО

Член 1

Со оваа одлука на Водната заедница „Курија" од с.Курија, општина Неготино се пренесува на користење и управување на дел од инфраструктурата на разводната мрежа за наводнување од Хидромелиоративниот систем „Тиквеш", со која е опфатена мрежата за наводнување на територијата на оваа водна заедница како површина на земјоделско земјиште од 260ха, и која претставува хидротехничка целина за хидромелиоративната единица врз основа на прегледна карта, и тоа:

- точки за снабдување со вода (водозафати) од Главниот канал 2 (ГК-2) на самостојните водови (СВ), СВ-8 со пречник од Ф-175, СВ-9 со пречник од Ф-175, СВ-10 со пречник од Ф-175, СВ-11 со пречник од Ф-350, разводен вод (РВ)-7 со пречник од Ф-300 и главен вод (ГВ)-2 со пречник од Ф-250; и
- разводна мрежа за наводнување со должина од 11.884 метри со цевковод од типот „АЦ" (азбестоцементен).

Член 2

Пренесувањето во владение на Водната заедница на инфраструктурата од членот 1, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, ќе го изврши Комисијата за пренесување на инфраструктурата за наводнување на водните заедници, што со решение ќе ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-579/1 Претседател на Владата
16 февруари 2006 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**284.**

Врз основа на член 70, став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 51/03 и 95/05, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.02.2006 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ВОДНАТА ЗАЕДНИЦА "ЛЕТИШТЕ" - С. ЦРВЕНИ БРЕГОВИ, ОПШТИНА НЕГОТИНО

Член 1

Со оваа одлука на Водната заедница "Летиште" - с. Црвени Брегови, општина Неготино, се пренесува на користење и управување дел од инфраструктурата на разводната мрежа за наводнување од Хидромелиоративниот систем „Тиквеш", со која е опфатена мрежата за наводнување на територијата на оваа водна заедница како површина на земјоделско земјиште од 381 ха, која претставува хидротехничка целина за хидромелиоративната единица врз основа на прегледна карта и тоа:

- една уредена точка (зафатно место) за зафаќање на вода за наводнување од секундарниот канал (ГК-2) на местото на спојување со главниот вод;
- главен вод (ГВ-3), тип „АЦ" од азбестцементни цевки со должина од 1163 м со профил на пречникот на цевките од Ф-500;
- четири странични водови (СВ-1, СВ-2, СВ-3 и СВ-4), тип „АЦ"од азбестцементни цевки со вкупна должина од 4808 м, со профил на пречникот на цевките по должина од Ф-300 до Ф-150;
- два разводни вода (РВ-1 и РВ-2) со приклучок на ГВ-3, тип „АЦ"од азбестцементни цевки со вкупна должина од 3057 м со профил на пречникот на цевките од Ф-300 до Ф-200;
- четири разводни водови (В1, В2, В3 и В4/РВ-1), со приклучок на главниот вод ГВ-3, тип „АЦ" од азбестцементни цевки со вкупна должина од 3608 м, со профил на пречникот на цевките по должина од Ф-250 до Ф-175; и
- пет разводни водови (В1, В2, В3, В4 и В5/РВ-3), со приклучок на главниот вод ГВ-3, тип „АЦ" од азбестцементни цевки со вкупна должина од 4210 м, со профил на пречникот на цевките по должина од Ф-250 до Ф-150.

Член 2

Пренесувањето во владение на Водната заедница на инфраструктурата од членот 1, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, ќе го изврши Комисијата за пренесување на инфраструктурата за наводнување на водните заедници, што со решение ќе ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-576/1 Претседател на Владата
16 февруари 2006 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

---

**285.**

Врз основа на член 70, став 1 од Законот за водните заедници („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/03 и 95/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.02.2006 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ВОДНАТА ЗАЕДНИЦА „ТОПЛИ ИЗВОРИ" - С. ВРАПЧИШТЕ, ОПШТИНА ВРАПЧИШТЕ

Член 1

Со оваа одлука на Водната заедница „Топли извори" с. Врапчиште, општина Врапчиште се пренесува на користење и управување инфраструктурата на каналската мрежа за наводнување, како независен хидромелиоративен систем, со која е опфатена мрежата за наводнување на територијата на оваа водна заедница како површина на земјоделско земјиште од 212 ха и ко-

ја претставува хидротехничка целина за хидромелиоративната единица врз основа на прегледна карта, и тоа:

- земјен канал, наречен „Врапчишка река“, со должина од 3670 м и со пропусна моќ од 60 л/сек;
- земјен канал, наречен „Топлишница“, со должина од 3490 м и со пропусна моќ од 60 л/сек;
- земјен канал, наречен „Топлинска бразда“, со должина од 1200 м и со пропусна моќ од 50 л/сек;
- земјен канал, наречен „Галатска бразда 1“, со должина од 1007 м и со пропусна моќ од 45 л/сек;
- земјен канал, наречен „Галатска бразда 2“, со должина од 1020 м и со пропусна моќ од 45 л/сек;
- земјен канал, наречен „Каваклија“, со должина од 3244 м и со пропусна моќ од 40 л/сек;
- земјен канал, наречен „Дреноец“, со должина од 2300 м и со пропусна моќ од 40 л/сек;
- земјен канал, наречен „Голем пат“, со должина од 1100 м и со пропусна моќ од 45 л/сек.

Член 2

Пренесувањето во владение на Водната заедница на инфраструктурата од членот 1, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, ќе го изврши комисијата за пренесување на инфраструктурата за наводнување на водните заедници, што со решение ќе ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-578/1 Претседател на Владата
16 февруари 2006 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**286.**

Врз основа на член 70, став 1 од Законот за водните заедници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/03 и 95/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.02.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ВОДНАТА ЗАЕДНИЦА „МАЗДРАЧА“ С. НЕГОТИНО-ПОЛОШКО, ОПШТИНА ВРАПЧИШТЕ

Член 1

Со оваа одлука на Водната заедница „Маздрача“ с. Неготино – Полошко, општина Врапчиште се пренесува на користење и управување инфраструктурата на каналската мрежа за наводнување, како независен хидромелиоративен систем, со која е опфатена мрежата за наводнување на територијата на оваа водна заедница како површина на земјоделско земјиште од 1050 ха и која претставува хидротехничка целина за хидромелиоративната единица врз основа на прегледна карта, и тоа:

- шест (зафатни места) со песочни прагови за зафаќање на вода за наводнување од реката Маздрача уредени со градежна машина за времено користење;
- отворен трапезен тип канал с. Неготино – с. Добридол, дел земјен дел бетониран, во должина од 1300 м со пропусна моќ од 600 л/сек;
- отворен земјен канал с. Неготино – с. Сенокосе со должина од 1600 м и со пропусна моќ од 800л/сек;
- земјен канал, наречен „Добридолски јаз“, со должина од 770 м и со пропусна моќ од 80 л/сек;
- земјен канал, наречен „Неготински пат“, со должина од 740 м и со пропусна моќ од 80 л/сек;
- земјен канал, наречен „Неготински пат“, со должина од 600 м и со пропусна моќ од 75 л/сек;
- земјен канал, наречен „Поточане“, со должина од 2300 м и со пропусна моќ од 50 л/сек;
- земјен канал, наречен „Бруставечка бразда“, со должина од 650 м и со пропусна моќ од 70 л/сек;
- потисен цевовод од пластични цевки, со пречник од ф-300, во должина од 1500м со еден воздушен вентил, еден хидрант и еден плоснат затворач и со пропусна моќ од 100 л/сек;
- микро акумулацијата „ЛОВКА“, која се води под Пл. бр. 107, КП бр. 22, м.в. „Шавар“ КО Горјане, како култура „Води“, во површина од 68.361, и разделни зафати на вода со табласти затворачи, како придружни објекти.

Член 2

Пренесувањето во владение на Водната заедница на инфраструктурата од членот 1, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, ќе го изврши комисијата за пренесување на инфраструктурата за наводнување на водните заедници, што со решение ќе ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-577/1 Претседател на Владата
16 февруари 2006 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**287.**

Врз основа на член 70, став 1 од Законот за водните заедници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/03 и 95/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.02.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ВОДНАТА ЗАЕДНИЦА „ЗГ – 2 ФОРИНСКО ПОЛЕ“ С. ФОРИНО, ОПШТИНА ГОСТИВАР

Член 1

Со оваа одлука на Водната заедница „ЗГ – 2 ФОРИНСКО ПОЛЕ“ с. Форино, општина Гостивар, се пренесува на користење и управување инфраструктурата на разводната мрежа за наводнување со зафаќање на вода од главниот канал на ХМС „Гостиварско поле“ и која ја опфаќа мрежата на територијата на оваа водна заедница за наводнување на површина на земјоделско земјиште од 248 ха, а која претставува хидротехничка целина за хидромелиоративната единица врз основа на прегледна карта, и тоа:

- цевковод на главниот вод ГВ – 2, со цевки од типот „АЦ“ (азбестоцементни) и со дијаметар (профил) на цевките од Ф – 500, должина 300 м, и капацитет од 300 л/с;
- цевководи на разделните водови РВ – 3/2 и РВ – 4/2, со цевки од типот „АЦ“ (азбестоцементни) и со дијаметар (профил) на цевките од Ф – 500/400 и Ф – 400/300, вкупна должина 1650 м, со четири линиски затворачи, четири воздушни вентили и капацитет од 350 л/с и 90-60 л/с;
- цевководи на десет делнични водови ДВ – 0/3, ДВ – 1/3, ДВ – 2/3, ДВ – 3/3, ДВ – 4/3, ДВ – 1/4, ДВ – 2/4, ДВ – 3/4, ДВ – 4/4, ДВ – 5/4, со цевки од типот „АЦ“ (азбестоцементни) и со дијаметар (профил) на цевките од Ф – 300/250, и на вкупна должина на сите водови од 10331 м.

Член 2

Пренесувањето во владение на Водната заедница на инфраструктурата од членот 1, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, ќе го изврши комисијата за пренесување на инфраструктурата за наводнување на водните заедници, што со решение ќе ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-580/1 Претседател на Владата
16 февруари 2006 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**288.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 59/00, 12/03 и 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.02.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА АДАПТАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ И ФАСАДИ (УЛИЧЕН ФРОНТ) НА УЛ. „САМОИЛОВА“ – СКОПЈЕ, СО СРЕДСТВА ОСТВАРЕНИ ОД ПРОДАЖБАТА НА ДЕЛОВНИОТ ПРОСТОР ВО ГТЦ СКОПЈЕ**

Член 1

Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија да организира изведување на адаптација и санација на објекти со кои стопанисува Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и фасади (уличен фронт) на ул. „Самоилова“ – Скопје, според Програмата за ревитализација на Старата скопска чаршија.

Член 2

Средствата наменети за извршување на работите од членот 1 на оваа одлука во износ од 6.160.000,00 денари, кои ќе се користат за реализација на „Проектот за санација и реконструкција на значајни објекти во Старата скопска чаршија“, се обезбедени од вишокот на средствата на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија остварени од продажбата на деловниот простор во ГТЦ Скопје, запишан како имот, сопственост на Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-362/1
16 февруари 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

---

**289.**

Врз основа на член 86 став 3 од Законот за семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, признавање, одобрување и заштита на сорта ("Службен весник на Република Македонија" бр. 41/00) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.02.2006 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ**
**ЗА 2006 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се помага производството, контролата на сертифициран семенски и саден материјал, воведување во производство на нови поквалитетни сорти на земјоделски растенија, создавање на услови за долготрајно чување на семенскиот материјал, изработка на законски и подзаконски акти од областа на семето и садниот материјал и нивно усогласување со ЕУ законодавство.

Исто така се обезбедува зачленување во меѓународните организации од областа на семенскиот и саден материјал и активно учество во нивната работа.

II

Средствата за извршување на мерките од дел I на оваа програма се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2006 година, согласно раздел 14001, програма 5, подпрограм 52, категорија 46, ставка 46/464, потставка 464990 ќе се реализираат според дел III од оваа програма.

III

Средствата од дел II на оваа програма, во износ од 2.000.000,00 (два милиони) денари, ќе се користат за правни и физички лица за следните намени:

ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА 2006 година

| Бр. | Активност (и) на програмата | Милиони денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за создавање услови за работа на пунктовите на Ген Банка во Скопје, Струмица и Прилеп и чување на семе од автохтони, домашни признати и воведени странски сорти земјоделски растенија | 300.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка за работни групи за изготвување на Закон за заштита на нови сорти земјоделски растенија и подзаконски акти (Правилници) усогласени со Директивите на ЕУ, кои произлегуваат од овој закон и Законот за семенски и саден материјал | 500.000,00 |
| 3. | Контрола над површините за производство на сертифициран семенски и саден материјал и поставување на постконтролни опитни парцели (постконтрола) | 200.000,00 |
| 4. | Финансиска поддршка за дел од трошоците за изведување на сортни опити за признавање на нови сорти и за статистичка обработка на добиените резултати за потребите на Комисијата за национална сортна листа | 200.000,00 |
| 5. | Финансиска подршка за обезбедување на членство во меѓународните организации од областа на семето и садниот материјал (UPOV, ISTA) | 200.000,00 |
| 6. | Финансиска поддршка за производство на предосновен семенски материјал (Prebasic seed) од нови поквалитетни сорти од градинарски и житни растенија во Република Македонија | 200.000,00 |
| 7. | Финансиска поддршка за изработка и издавање на национална сортна листа на земјоделски растенија | 200.000,00 |
| 8. | Финансиска поддршка за изградба на објект за чување на безвирусен елитен материјал за производство на овошен саден материјал | 200.000,00 |
| | ВКУПНО | 2.000.000,00 |

IV

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Доколку дојде до извршување на некои од мерките, предвидени со оваа програма во поголем обем, а друга биде реализирана во помал обем, министерот за земјоделство,шумарство и водостопанство во рамките на предвидените средства врши пренамена на средствата по мерки.

Правата и обврските на корисниците на средствата по оваа програма од дел III се утврдуваат на следниот начин:

а) со договор што го склучува министерот за земјоделство,шумарство и водостопанство со правно лице за мерките од дел III точката 1;

б) со решение на министерот за земјоделство,шумарство и водостопанство за мерките од дел III точките 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8.

V

Средствата по оваа програма се неповратни.

VI

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-749/1 Претседател на Владата
16 февруари 2006 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**290.**

Врз основа на член 56 од Законот за железниците („Службен весник на Република Македонија" бр.64/05) и член 27, став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 120/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.02.2006 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА 2006 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се утврдуваат средствата за вложување во изградба, реконструкција, модернизација, ремонт и одржување на железничката инфраструктура.

Член 2

Средствата утврдени во раздел 13001, подпрограма ДА, категорија 48, ставка 489 – капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, ќе се користат за следните вложувања:

| Ред. бр. | О П И С | Денари |
|---|---|---|
| 1. | Реконструкција и ремонт на пругата Дуброво - Демир Капија (3 км) | 26.000.000,00 |
| 2. | Геомеханички испитувања и изработка на техничка документација за ремонт на делниците Табановци-Карпош (5 км) и Дуброво-Демир Капија (4 км) | 2.000.000,00 |
| 3. | Интегрирана ТК мрежа Скопје - Гостивар | 30.000.000,00 |
| 4. | Осигурување на патни премини Скопје-Гостивар (3) | 11.506.000,00 |
| 5. | Оспособување на пруга Горче Петров-Кичево за патнички сообраќај | 26.300.000,00 |
| 6. | Одржување на пругите на ЈП Македонски железници | 69.500.000,00 |
| | ВКУПНО: | 165.306.000,00 |

Член 3

Динамика на реализација на предвидените активности:

- период февруари-декември 2006 година.

Член 4

Динамика на користење на обезбедените средства:

- квартално, на почетокот на секој квартал во текот на 2006 година и тоа како што следи:

I квартал 30.306.000 денари,
II квартал 45.000.000 денари,
III квартал 45.000.000 денари,
IV квартал 45.000.000 денари.

Член 5

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-595/1 Претседател на Владата
16 февруари 2006 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски,** с.р.

По извршеното проверување со изворниот текст на Одлуката за дополнување на Одлуката за пренесување на постојните подрачни училишта во состав на друго основно училиште, објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр. 5/06, направена е техничка грешка, поради што се дава

## И С П Р А В К А НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ ПОДРАЧНИ УЧИЛИШТА ВО СОСТАВ НА ДРУГО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

Во членот 1, во делот I. Општини во точката 35. ОПШТИНА БОГОВИЊЕ наместо зборовите: "Гоце Делчев" треба да стојат зборовите: "Дервиш Цара".

Во точката 36. ОПШТИНА БРВЕНИЦА наместо зборовите: "Дервиш Цара" треба да стојат зборовите: "Гоце Делчев".

Бр. 19-4822/2-05 Од Владата на Република
9 февруари 2006 година Македонија
Скопје

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02 и 37/05), Министерството за труд и социјална политика

## О Б Ј А В У В А

1. Стапката на трошоците на живот за месец јануари 2006 година, во однос на месец декември 2005 година, е повисока за 1,7%.
2. Правото на пораст на платите за месец јануари 2006 година, во однос на месец декември 2005 година, за работодавците од членот 3 став 1 изнесува 0,85%.

Министер,
**Стевчо Јакимовски**, с.р

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.**
**Телефон: +389-2-3298-860.**
**Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2006 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2006022